Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" Бр.58/00, 44/02, 82/0, 167/10 и 51/11), а согласно со Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ПРАВЕЊЕ НА СИГУРНОСНА КОПИЈА, АРХИВИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ, КАКО И ЗА ПОВТОРНО ВРАЌАЊЕ НА ЗАЧУВАНИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци предмет на обработката во Министерството за финансии (во натамошниот текст: Министерството).

## Член 2

Министерството врши редовно снимање на сигурносна копија и архивирање на податоците во системот, за да се спречи нивно губење или уништување. За таа цел се користи уред за складирање, во кој еднаш дневно и на крајот на работната седмица, а по потреба и секој последен работен ден во месецот, се креира резервна копија на личните податоци кои се обработуваат во Министерството во случај на пад на компјутерскиот систем, или негово оштетување од каква било причина, сите податоци остануваат сочувани во уред за складирање. Податоците во резервната копија се енкриптираат пред да се префрлат на уредот за складирање. Во уредот за складирање се поставени пет цврсти дискови (hard disk ) во Раид конфигурација така што и при дефект на некој од дисковите нема губење на информациите.

## Член 3

Заради заштита од неовластен пристап, уредот за складирање на кој се сместени сигурносната копија, на сите снимени податоци, е сместен во систем салата на министерството, простор заштитен со брава, до кој имаат пристап само администраторот на информацискиот систем.

## Член 4

Министерството двапати месечно прави дополнителна сигурносна копија на податоците од уред за складирање на преносен мемориски уред (се употребуваат касети со лента „tape drives" поради капацитетот и доверливоста). Вака направената сигурносна копија подлежи на физичка и криптографска заштита, со што се оневозможува каква било модификација на содржината на истата. По извршеното копирање сигурносната копија се носи на алтернативната безбедносна локација која се наоѓа надвор од деловните простори на Министерството.

Пристап до алтернативната локација каде се чува преносниот мемориски уред има администраторот на информацискиот систем при што уредот се чува затворен во сеф со безбедносна брава и кој е обезбеден од физички влијанија (пожар, поплава и сл.).

Администраторот задолжително ја проверува функционалноста на сигурносните копии за вршење на реконструкција на личните податоци.

**Член 5**

При повторно враќање на зачуваните лични податоци, се врши евидентирање на таквото враќање на податоците, како и се евидентира датумот на враќањето на податоците и категоријата на податоци што се враќа.

За враќањето на личните податоци се составува записник во кој се наведува лицето кое го врши враќањето, времето и категоријата на личните податоци.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето на огласна табла во Министерство за финансии.

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА И**
**МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ**
**м-р Зоран Ставрески**

Бр. 03-22478/1
26.06.2013 **година**

Изработил: Михајло Михајловски
Проверил: Гордана Сусулеска Итиќ
Одобрил: Игор Димитров
Согласен: Наташа Стојмановска